ПРЕДИЗВИК

# ПАМЕТЕН ШКОЛСКИ МЕНАЏМЕНТ:

## ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП КОН ОДРЖЛИВОСТА



ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ЦЕЛ

Да се поттикне зголемување на свеста кај граѓаните, намалување на потрошувачката енергија, зголемување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на штетни гасови и заштита на животната средина; односно активности за развивање на иновативни технологии, услуги и процеси кои што ќе придонесуваат кон пооптимална потрошувачка на електрична енергија.

Овој предизвик Фондот за иновации и технолошки развој го реализира во партнерство со Министерство за локална самоуправа (МЛС) и соработка со Швајцарската Амбасада во РСМ за поддршка на проектот ”Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2”.

# Училишта во кои ќе се спроведе и имплементира паметното дигитално решение во северо источниот плански регион се:

1. „Гоце Делчев“ Куманово;
2. „Перо Наков“ Куманово;
3. „Наце Буѓони“ Куманово;
4. „Киро Бурназ“ Куманово;
5. Ученички дом „Проф. Мијалкович“ Куманово
6. „Ѓорче Петров“ Крива Паланка;
7. „Митко Пенџуклиски“ Кратово;
8. „Исмет Јашари“ Липково
9. Ученички дом „Митко Пенџуклиски“ Кратово



ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# КАКВИ РЕШЕНИЈА ПОДДРЖУВАМЕ

- Намалување на потрошувачката на енергија (со имплементација на IoT  уреди и паметни модули). Со имплементирање на IoT уреди за контрола,  мерење и оптимизација на потрошувачката енергија во зградата.

- Контрола и оптимизација на потрошувачка кај уреди кои користат  електрична енергија, греење и климатизацијата.

- Системи за рано предупредување и превенција од опасност и хаварија се  дел од карактеристиките на паметната зграда за да се намали  непотребната потрошувачка на енергија и со тоа да се намалат штетните  CO2 емисии.

- Смарт систем за контрола на енергетската потрошувачка во училиштата со  автоматско мониторирање и контрола на сите светла во училиштата.

- Системот сам ќе знае кога да ги вклучи/исклучи светлата, па дури и да  намали осветленост во ходниците каде нема движење во моментот.

# БУЏЕТ

## 21.525.000 денари

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПОВИКОТ**



- Фондот обезбедува финансиски средства во износ од 12.300.000 денари.
- Министерството за локална самоуправа обезбедува финансиски средства во износ од 9.225.000 денари.
- За победничкиот предлог проект, Фондот заедно со МЛС обезбедуваат финансирање од 100% од вкупниот буџет за проектот
- Спроведувањето на проектот може да биде до 6 месеци.

# КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА

- Трговско друштво основано во согласност со Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Годишните приходи на натпреварувачот да не надминуваат 10.000.000 евра во денарска противвредност, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- Просечниот број вработени да не надминува 250 вработени;
- Да не е поврзан со друго претпријатие и/или ПЗУ чии годишни приходи надминуваат 10.000.000 евра и просечен број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години, освен во случај на поврзаност со високообразовна, односно научноистражувачка установа;
- Против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- Да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- Против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања; и
- Да е со мнозинска македонска сопственост (со 51% или повеќе).

# АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ

Предлог-проектот треба да опфати активности за развивање или примена на технологии, услуги и процеси за ублажување или намалување на потрошувачката енергиа преку унифициран систем за следење на потрошувачката на енергиа: Администраторот ќе може во реално време да гледа податоци за целосната потрошувачка на енергиа на зградата, тековниот статус на секо IoT уред што е вклучено во системот (може да се следи и потрошувачка на енергиа за секо поединечен уред) и исто така да конфигурира различни сценариа.

## АКТИВНОСТИТЕ МОЖЕ ДА ВКЛУЧУВААТ

- Модул за автоматско управување на потрошувачката на енергија
- Модул за рачно препрограмирање на системот
- Модул за контрола и пристап на корисници

# ТРОШОЦИ ПРИФАТЛИВИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

- Бруто плати со вклучени додатоци на плата дефинирани во согласност со  Законот за работни односи;
- Набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за  истражување и развој;
- Услуги од надворешни експерти/советници/консултанти/поддоговори (за  истражување, развој, тестирање, бизнис развој и сл.)“
- Трошоци поврзани за ангажман на надворешни лица (физички и/или  правни лица) за услуги за истражување и разво5, тестирање,  бизнис  развој и слично;
- Други оперативни трошоци директно поврзани со реализација на  проектот.

***Листата на подобни трошоци не е целосна.**

# ПОСТАПКА НА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА НА ДОСТАВЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ

ПРВА ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТОТ (ПРЕТСЕЛЕКЦИЈА)

ПИЧИНГ ОДНОСНО ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРЕДСЕЛЕКТИРАНИТЕ ПРЕДЛОГ- ПРОЕКТИ ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР (ОПЦИОНАЛНО)

СЕЛЕКЦИЈА НА НАЈДОБРИ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

# КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

- Двајца члена – надворешни експерти од областа на предизвикот
- Двајца члена – претставници на партнерската организација
- Еден член – претставник на Фондот

# КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

**СТЕПЕН НА ИНОВАТИВНОСТ**

**КАПАЦИТЕТ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ**

**КВАЛИТЕТ НА ПРОЕКТОТ**

**ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ОДРЖЛИВОСТ НА РЕШЕНИЕТО**

**ВЛИЈАНИЕ**

# ГИ ОЧЕКУВАМЕ ВАШИТЕ АПЛИКАЦИИ

**РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ДО: 05 ОКТОМВРИ 2023 година, до 14:00 часот**

shkolskimenadjment@fitr.mk

www.fitr.mk

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

ФОНД ЗА
ИНОВАЦИИ И
ТЕХНОЛОШКИ
РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
**Министерство за
локална самоуправа**